Република Северна Македонија
Општина Штип
Број 09-7621/2
10.11.2026 година
Ш т и п

Врз основа на член 50 став (1) точка 16 од Законот за локалната самоуправа ( Службен весник на Република Македонија број 05/02 и Службен весник на Република Северна Македонија број 202/24), а во врска со Програмата за поставување на урбана опрема на Општина Штип за 2026 година ( Службен гласник на Општина Штип број 21/25) и Програмата за изменување и дополнување на програмата за поставување на урбана опрема на Општина Штип за 2026 година ( Службен гласник број 02/26 ,03/26,07/26,10/26 и 14/26) Градоначалникот на Општина Штип објавува:

## ЈАВЕН ОГЛАС 07/2026
## ЗА ДОБИВАЊЕ НА ПРАВО ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ТИПСКИ ОБЈЕКТИ (УРБАНА ОПРЕМА) НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП

1. Општина Штип објавува Јавен оглас за добивање на право за поставување на типски објекти ( урбана опрема) за следниве утврдени локации на подрачјето на Општина Штип:

| Нумерација на објектите | Катастерска парцела (КП) | Местоположба улица и број | Број на модули | Вкупна површина |
|---|---|---|---|---|
| УО 126<br>УО 127<br>УО 128 | Дел од КП 2282/24 КО Штип 2 | Улица „Сремски фронт“ | 3 | 27 $м^2$ |

2. Висината за добивање на правото за поставување на типски објекти ( урбана опрема) на локациите од точка 1 од ова објава е утврдена со Одлука за измена на одлуката за утврдување на висината на надоместокот за поставување на некои видови на урбана опрема со број 08-4846/1 од 26.06.2025 година донесена од Советот на Општина Штип и тоа:

- УО 126, УО 127 и УО 128 изнесува 300 денари од $м^2$ месечно

3. Заинтересираните субјекти за добивање на право за поставување типски објекти ( урбана опрема ) потребно е до Општина Штип да достават:
   - Пријава
   - Тековна состојба за регистрирана дејност на субјектот не постара од 6 ( шест ) месеци
   - Изјава заверена на нотар под морална и кривична одговорност дека субјектот ги има подмирено сите обврски кон Општина Штип по основ на комунална такса ( фирмарина, поставување на урбана опрема и јавно осветлување )

Пријавата со останата потребна документација заинтерсираните субјекти ја доставуваат до архивата на Општина Штип на улица „Васил Главинов“ број 4Б 2000 Штип во затворен коверт на кој задолжително се

наведува бројот на Јавен оглас за добивање на право за поставување на типски објект ( урбана опрема) со назнака „Не отварај" во временскиот период од 07:30 до 15:30 часот, а со субјектот кој прв ќе ја достави потребната документација ќе биде склучен договор.

4. Јавниот оглас за добивање на право за поставување типски објект ( урбана опрема ) трае 5 (пет) дена сметано од датумот на објавување на истиот на интернет страницата на Општина Штип.
5. Постапката за стекнување на право на поставување типски објект ( урбана опрема) ќе биде спроведена од страна на Комисија која со посебно Решение ќе биде определена од страна на Градоначалникот на Општина Штип.
6. За спроведената постапка Комисијата задолжително до Градоначалникот на Општина Штип доставува записник и предлог за склучување на договор.
7. Со субјектите со кој ќе биде утврдено дека први поднеле Пријава за право на поставување на типски објект ( урбана опрема) за локацијата утврдена од точка 1 од овој оглас ќе биде склучен договор во времетрање од 5 (пет) години, под услови предвидени во самиот договор.
8. Заинтересираните субјекти задолжително при поднесувањето на пријавата на самата пријавата која ќе биде доставена до Општина Штип го наведуваат денот, часот и минутата кога истата е примена во архивата на Општина Штип.
9. Рокот за поднесување на пријави е во времетарње од 5 (пет) дена сметано од денот на објавување на јавниот оглас на интернет страницата на Општина Штип.

*Изготвил:Никола Опашинов*
*Контролирал: Виктор Вацев*
*Согласен:Вишна Шорова Ангелова*

**ОПШТИНА ШТИП**
**Градоначалник**
**Иван Јорданов**